Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 33//0306
21.02 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 13.02.2025 година, врз основа на примена жалба од **Иво Младеновски**, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот Младеновски до Извршната канцеларија на СЕММ, на 05.02.2025 г. упати жалба за медиумот Телевизија 24 при што се жали на неетичност на новинарите и уредничкиот тим.

Младеновски детално опшишува дека неколку пати се јавил на отворениот телефонски број на медиумот објавен на нивната веб страна со кој ги повикуваат граѓаните да се јават на број 074204000 на кој број е истакнато и дека граѓаните се јавуваат, а телевизијата излегува на терен.

Жалителот опишува постапка во која најпрво лицето од другата страна го сослушало за проблемот па разговорот завршил со констатација дека проблемот ќе им биде пренесен на уредниците. По две недели жалителот бил побаран за уште еднаш да ги наведе причините поради кои бара новинарите да излезат на терен и притоа да земат и негова изјава, за на крај, при трето јавување да биде известен дека уредниците веќе не биле заинтересирани за тој проблем.

Жалителот Младеновски во дописот појаснува дека проблемот е со лошата состојба во која се наоѓа зградата во која живее и притоа обвинува дел од станарите за несоодветна постапка при давање потписи за сегашниот управител со зградата, кој пак не си ја вршел својата работа.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби одлучи дека жалбата е неоснована и од тие причини не побара ниту одговор од медиумот против кој е упатена жалбата, ТВ 24.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа аргументите наведени од страна на подносителот на жалбата и најпрво констатираше дека жалбата во суштина е само опис за тоа што се случувало при неговата комуникација на наведениот број на медиумот, при што жалителот се жали на неетичност и непрофесионалност на лицата со кои комуницирал, новинар и уреднички тим.

Жалителот сепак не се жали на конкретен објавен новинарски труд на телевизијата, што е всушност основен предмет на работа на Комисијата за жалби при СЕММ.

Комисијата, исто така, нагласи дека поаѓајќи од слободата на медиумите да ја извршуваат својата дејност согласно уверувањата и професионалните стандарди, автономно право е на уредниците и на новинарите да ги избираат темите за кои ќе известуваат и таа нивна слобода е неприкосновена. Поради овие аргументи Комисијата смета дека жалбата е неоснована.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите, Снежана Трпевска, Сефер Тахири, Жана Божиновска, Тамара Чаусидис и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595